# "Крушево етноград" со еколошка порака




*И оваа година, како комити и војводи се облекоа познати личности, а манифестацијата годинава е со еколошка порака*

Крушево по шести пат е домаќин на манифестацијата "Крушево етноград". И оваа година, како комити и војводи се облекоа познати личности, а манифестацијата годинава е со еколошка порака.

"Во Крушево, 111 години по Илинденското востание, комитите и турскиот аскер во нова борба за зачувување на природата, собираат пластичен отпад на шумските патеки околу Крушево и Мечкин Камен. Туристите и граѓаните масовно се приклучуваат на ова еколошко востание", вели Ранко Петровиќ, сопственикот на радиото "Бубамара", кој е организатор на манифестацијата. Петровиќ беше во улогата на "ептен зулум паша војвода".

Следната година, пораката на фестивалот ќе биде битка за заштита на шумите, со песната "Слушам кај шумат шумите" како химна. ***(М.Ц.)***

